02-1017/1
11.09.2018 година

**Записник од одржана седница на Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија одржана на 05.09.2018**

Седницата беше отворена од претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими. Откако беше утврдено дека Извршниот одбор има кворум за одржување и работа на седницата едногласно беше усвоен и Предлог-дневниот ред.

По усвојувањето на дневниот ред членовите на ИО на СКМ едногласно го прифатија записникот од првата седница на Извршниот одбор.

1.По однос на првата точка на дневниот ред, претседателот на ИО даде кус извештај за пристигнатите пополнети анкетни листови од регионите по однос на примарната стоматолошка здравствена заштита. Во врска со долгорочна и краткорочна стратегија за примарна стоматолошка здравствена заштита претставниците на ИО отвори подолга дискусија.

Ставовите што ги искажаа се ставови на нивните колеги од регионите од кои доаѓаат.

Д-р Јордан Стојаноски истакна дека иако е доктор специјалист, а ординацијата во која работи нема потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување и дека ги пренесува ставовите на своите колеги од примарно ниво.

Како што пренесе, докторите од примарна стоматолошка здравствена заштита се со став да се зголеми капитациониот бод, но бидејќи ваквото барање би било потешко да се реализира од страна на Фондот за здравствено осигурување ставот е задолжително да се бара зголемување на партиципацијата.

Д-р Фисник Касапи даде кратка информација за коментарите што колегите стоматолози ги објавуваат на интернет порталите. Тој укажа дека е со став дека од Фондот за здравствено осигурување треба да се бара пациентите, по однос на здравственото осугурување во делот на стоматологијата, да добиваат годишен пакет на услуги. Сè што е дополнителна услуга што не е опфатена со годишниот стоматолошки пакет, пациентот да ја плаќа приватно. Притоа, цените на услугите да се реални.

Нагов став е дека една стоматолошка ординација со месечните средства што сега ги добива од Фондот за здравствено осигурување не може да укажува добра стоматолошка здравствена заштита.

Д-р Јован Гагалески укажа дека порано учествувал во преговори со Фондот за здравство за висината на цените на стоматолошките услуги. Во тие преговори биле поставени на разгледување различни модели на финансирање од различни земји (бугарскиот, словенечкиот, хрватскиот и др. Модели на финансирање во стоматологијата) и била правена нивна симулација за македонски услови. Иако биле земени предвид медели на земји кои по број на жители биле слични со Р. Македонија, математиката давала резултат на неприменливост.

Д-р. Димитар Малешевски истакна дека ставот на колегите од регионот е дека капитацијата што ФЗОМ ја дава за прикрепен пациент е многу ниска и дека треба да се покачи на најмалку 60 ден. Бројот на прикрепени пациенти да се лимитира. Истакна дека првите години Фондот барал ординациите да доставуваат месечни извештаи за своите прикрепени пациенти но дека и тој

принцип на работа бил напуштен и дека не постојат санкции по однос на прикрепувањето на пациентите во однос на месечните исплаќања. Ставот што тој го пренесе е дека доколку докторот вработен во одредена стоматолошка ординација ја напушти здравствената установа во која е вработен, за да нема одлевање на прикрепените пацинети од ординацијата, на установите да им се дава еден грејс-период во кои тие ќе успеат да си ги зачуваат веќе прикрепените здравствени осигуреници.

Д-р Ќенан Ферати укажа дека докторите работат во услови кои нудат раб на егзистенција. Според него најисправно е докторите по стоматологија да не потпишуваат договори со Фондот под вакви услови, со толку ниска капитација. Според него, ако планот за примарна стоматолошка здравствена заштита се гледа како долгорочен, Комората треба да бара 70% Фондот за здравство да одвојува за дадена стоматолошка услуга, а 30% да биде исплатата по основ на капитација. Всушност, според него, плаќање по укажана стоматолошка услуга е најдобриот модел. Пациентите осигуреници да се прикрепуваат од страна на ординациите а не од страна на матичните доктори.

Д-р Оливер Манасиев истакна дека краткорочниот план за преговори на СКМ во врска со начинот на плаќање на стоматолошките здравствени услуги во примарната стоматологија е до декември 2018 година, кога истекуваат веќе потпишаните договори со ФЗОМ и ординациите и до кога се изготвува и буџет на Фондот за 2019 година. Според него, преговори за начин на финансирање за 2-3 месеци не се ни исплатат.

Д-р Весна Чемерска Попова укажа дека во РО Кавадарци постои став дека е неопходна промена на Законот со кој е опфатен изборот на пациентите за матичен стоматолог, начинот на финансирање во примарната стоматолошка здравствена заштита и сл., што е основа од која треба да се направат трајни промени во начинот на финансирањето на стоматологијата. Притоа укажа дека за преговори мора преговаралите да знаат која е сегашната цена за секоја стоматолошка услуга и дали има ценовник за услугите во стоматологијата. Таа укажа и на тоа дека Фондот има мноу навлезено во ингеренциите на докторите стоматолози.

Освен законските измени, д-р Чемерска Попова истакна дека капитациониот бод за прикерпен пациент треба да се побара да биде зголемен на 90 ден (како што било ветено и во предизборната кампања на СДСМ), да се зголеми партиципацијата за 10 до 50%, бројот на прикрепени пациенти да се лимитира и да се ревидира фондовската листата на стоматолошки услуги која не претрпела измени од 2005 година а на светско ниво стоматологијата е многу напред.

Д-р Борче Стојанов укажа дека е итно прво да се зголеми капитацијата. Тој истакна дека средствата што државата ги издвојува за стоматологијата доволно укажуваат на тоа колку се на ниско ниво докторите по стоматологија. Д-р Борче Стојанов, по однос на краткорочниот план-повтори дека е ургентно покачувањето на капитациониот бод. Според него, во овие првични преговори на овој состав на Комората со Фондот, и покачувањето на капитациониот бод на 10 денари од прикрепен пациент би можело да се зема како мал исчекор, односно некаков успех. Укажа дека земањето на партиципацијата и нејзината висина не се почитува од многу колеги и дека ставот на регионот е таа да остане иста, како и лимитот за прикрепени пациенти и за пакетот на услуги, а пациентите да бидат прикрепени од ординацијата а не од страна на докторот. Тој истакна дека на Министесртвото треба да му се укаже дека се забележува одлевање на докторите на стоматологија, дека партиципацијата за оралнохируршките интервенции е ниска и дека треба да настане и промена по однос на тимот, односно стоматолошка сестра да биде задолжителна кога постојат над 500 прикрепени пациенти.

На долгорочно ниво, ставот е дека треба да се бара плаќање на стоматолошките услуги по завршена услуга. Доколку барањата на докторите по стоматологија не се разгледаат, односно не се добие став на Фондот и намера за промени во стоматологијата, стоматолозите се подготвени своите барања да ги изразат и преку штрајк или некој друг облик.

Д-р Александра Табаковска – во врска со краткорочниот план за преговори, капитацијата да се зголеми на 60 денари. Да се зголеми и партиципацијата, бидејќи тековните трошоци на една стоматолошка ординација од примарно ниво се многу повисоки од ординациите од општа медицина. Листата на услуги да се прошири, а лимитот на пациенти да е 1500 или максимум 2000 пациенти на матичен доктор. Доколку ординацијата има над 2000 пациенти да се задолжи на формирање на нов тим доктор-сестра. Бидејќи законско решение е прикрепувањето на пациентите за матичен доктор, доколку стоматологот ја напушти ординацијата да постои преоден период во којшто на здравствената установа ќе ѝ се даде можност да ги задржи претходно прикрепените здравствени осигуреници. Тимот доктор-сестра да се применува во оние здравствени установи кои имаат прикрепено над 700 пациенти.

По однос на долгорочната стратегија – пациентите да бидат прикрепени кон својот избран матичен стоматолог а плаќањето да биде по завршена услуга.

Д-р Чемерска Попова побара конкретно да се дефинира што значи терминот "завршена услуга", за да не се дојде до ситуација различно да биде протолкуван.

Д-р Борче Стојанов направи дефенирање на што опфаќа една стоматолошка услуга. Тој укажа дека една стоматолошка услуга е термин за сите фази од една услуга при примена на одредена стоматолошка метода на лекување. Односно тоа значи дека при плаќањето треба да се опфатени сите фази на една стоматолошка услуга. Како пример уакжа дека висината на исплаќањето порано било 1200 од услуга во кое 20% била партиципацијата а останатиот дел на товар на пациентот а останатиот дел бил на товар на ФЗОМ.

Д-р Ѓорѓи Топузоски укажа дека времето за преговори е кратко (од септември до декември). Според него, за тој краток период можеби е најпогодно да се почне со преговори за зголемување на капитацијата барем за 10 но би било голем успех доколку се зголеми на 60 денари, листата на услуги да се ревидира, прикрепените пациенти да се лимитираат на 2000, а над тој број на пациенти ординацијата да обезбеди вработување не на втор тим, туку на втор доктор. Пациентот да се прикрепува за докторот, но доколку докторот ја напушти здравствената ординација прикрепените пациенти да ги преземе ординацијата.

Д-р Топузоски се согласи со ставот на своите колеги за покачување на капитацијата на за 10 до 60 денари и зголемување на партиципацијата, како и проширување на листата на услуги, а доколку докторот е приватник да не биде обврзен со сестра, односно ординацијата со тим доктор-сестра.

Д-р Оливер Манасиев со став дека краткорочно Комората мора да бара зголемување на капицаијата и партиципацијата, бројот на прикрепени пациенти да се лимитира а по однос на листата на услуги доколку не се зголеми, сите нови услуги што стоматолозите ги даваат во своите ординации да се наплатуваат приватно. Комората треба задолжително да бара начин да се стимулираат пациентите да одат на стоматолог. Став на д-р Манасиев е дека доколку Фондот и Министерството немаат слух за проблемите на доктрите по стоматологија, дека стоматолозите своите барања треба да ги искажат и на поинаков начин.

Д-р Ќенан Ферати потенцираше дека тој лично воопшто не се согласува да работи по толку ниски цени какви што се фондовските.

Претседателот на ИО со констатација дека поголемиот број на колегите стоматолози се со став за започнување со краткорочниот план, а во втора фаза да се преговара за долгорочен план што прецизно би се дефинирал.

Д-р Фисник Касапи со мислење дека е добар потег до крајот на годинава да се оди на преговори со ФЗОМ со барање за зголемување на капитацијата, но доколку Фондот не се изјасни позитивно за ваквото барање на фелата, Комората да предложи преговори на долгорочен план. Тој потенцираше дека до крајот на годината се прави буџетот на Фондот за здравство за 2019 година и дека оваа институција ќе има податок за тоа дали е или не е подготвена да ја зголеми капитацијата за докторите стоматолози од примарно ниво. Според д-р Касапи, имајќи предвид каква е состојбата меѓу колегите, да се бара вид на пакет кој треба да се прилагоди на условите во Р. Македонија, некој комбиниран модел.

Претседателот на Комората даде информации за некои разговори водени со Фондот и Министерството, информавии за претходните ставови на Фондот по однос на плаќањето на стоматолошките услуги, укажа дека е законско решение прикрепувањето на пациентите да биде поврзано со матичен доктор, укажа на ценовникот на Фондот и листата на услуги кои иако секако може да претрпат измени на што укажуваат ситните измени што ФЗОМ на сугестија на СКМ ги има веќе направено, иако тоа не е доволно но е некаков исчекор. Доктор Денковски потенцираше дека начинот на плаќање во примарната стоматологија воопшто не може да се компарира со плаќањето кај општата медицина (кај докторите постојат коефициенти и поени во зависност од услуга и возрасна граница на пациент и сл.).

По подогла дискусија Извршниот одбор донесе едногласна **Одлука за изготвување на краткорочна и долгорочна стратегија за модел за примарна стоматолошка здравствена заштита.**

Став на Комората е да се бара законски да се регулира дека секој осигуреник има освен избран стоматолог и задолжителен годишен преглед, а доколку својата обврска не ја реализира да има репрекусии што би биле во насока на губење на здравственото осигурување во делот што го окрива стоматологијата.

Доктор Маријан Денковски потенцираше дека на 06.09.2018 е договорена средба со претставници на Фондот за здравство и предложи на тие преговори освен тој, во својство на претседател на Комора, да бидат присутни замениците на претседателот и претседателот на Собранието.

На седницата едногласно беше усвоен и предлогот на претседателчот на Комората за формирање на времена Комисија за преговори со ФЗОМ за примарна здравствена заштита.

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, член 28 и член 49 точка 2 од Статут на својата втора седница одржана на 05.09.2018 донесе **Одлука за за формирање на времена Комисија за изготвување на долгорочна стратегија за примарна стоматолошка здравствена заштита.**

2. Разно

По однос на втората точка од дневниот ред извештај за работењето на СКМ изнесе претседателот на Комората, д-р Денковски.

-Во врска со Законот за здравствена заштита тој укажа дека намерата на Министерството по преговори водени со трите комори од здравството е да се напушти досегашниот Закон. Идејата е да се земат за урнек законките од земјите членки на ЕУ, но Министерството заедно со коморите ќе работи на изготвување на законско решение кое ќе биде согласно европската регулатива, но не преземен текст туку сосема ново и прилагодено решение. Новиот закон за здравство само ќе даде насока дека стоматолошката, медицинската или фармацевтската дејност се регулираат со посебен закон за стоматолошка и медицинска, односно фармацевтска дејност. Во овие засебни закони детално ќе се разработува специфичната проблематика и коморското работење. Тој истакна дека веќе се одржани состаноци соМинистерството и министерот за здравство и дека на последниот таков состанок присуствувал претседателот на Собранието, д-р Олиевр Манасиев.

-Д-р Денковски даде информација дека во текот на август е одржан и состанок меѓу Комората и деканите, односно претставниците на стоматолошките факултети. На состанокот освен претседателот на СКМ, присуствувале проф.д-р Ќиро Ивановски-декан на Стоматолошки факултет Скопје, доц.д-р Јетмира Јакупи од ДУТ, проф.д-р Ивона Ковачевска од Медицинскиот факултет – оддел стоматологија од Штип. На средбата е дискутирано за ревидирање и дополнување на испитната база за стручен испит, за уписната политика за прв, втор и трет циклус на студии и дискусија за каков став да се заземе по однос на приливот на дипломирани доктори од соседните земји.

-Комората има реализирано и средба со директорот на Универзитетскиот клинички центар на кој е потенцирано дека во Клиничкиот центар не би требало да се даваат услуги од примарно ниво туку од секундарно и терцијално ниво и дека цените на услуги за стоматолошката дејност исто така не се добри ниту за најголемата државна јавна установа па и оттаму ќе се бара корегирање на фондовското плаќање.

-По однос на ФЗОМ, освен што течат преговори за решавање на состојбата на примарно и секундарно ниво по однос на висината на цените и начинот на плаќање за стоматолошките здравствени услуги е кажано и дека досегашните здравствени картички ќе бидат заменети со токени. Претседателот на Комората се обврза дека ќе направи обид за договор за колективен попуст за токените што ординациите ќе треба самите да си ги набават за да се поврзат во системот на Фондот.

-Претседателот укжа дека новата web-страница е изготвена и дека се работи за доуредување на некои финеси и посебни барања што СКМ ги има побарано. Договорот со претходниот администратор е раскинат а нови лица од СКМ кои ќе бидат задолжени за информациите на web – ќе бидат Драган Ласков и Александар Маркозанов.

-Останува проблем паркингот.

-Веќе се закажани поголем број на комисии меќу кои и Статутарната комисија која ќе работи на новите деловници и правилници за работа на комисиите на СКМ. Прво ќе се разгледуваат веќе постоечките акти на СКМ а потоа ќе се премине и на изготвување на новите.

-Комората да истапи со обновен допис со барање до CED за СКМ да остане членка набљудувач во оваа меѓународна коморска асоцијација и да го обнови членството во FDI во одделот за Европа.

-Доктор Денковски побара од присутните во краток рок да дадат информација во службата кој сака да биде присутен на Меѓународниот конгрес во Охрид и да се дефинира кој од СКМ ќе биде присутен на другите активности на меѓународен план.

**Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на својата втора седница одржана на ден 05.09.2018 година донесе Одлука за активност на Стоматолошката Комора на Македонија на меѓународен план.**

**Записничар:**

**Јасминка М.Јанева**

**Извршен Одбор на СКМ**

**Претседател**

**Д-р Мирилинд Селими**